# Антрополошките идеи во философијата на св. Максим Исповедник*

**Валентина Гулевска**

Философски факултет, Битола

valentina_gulevska@freemail.com.mk

*Клучни зборови: логос, љубов, есхатон, обожување, симбол.*

Св. Максим Исповедник (VI – VII в.) се вбројува во редот на особено почитуваните отци и учители на мистичниот аскетизам во Византија. Се смета дека тој прв ги сублимирал различните струења во византиската философија и извршил силно влијание, не само врз подоцнежните византиски мислители, туку и врз западната философија воопшто.

Овој мислител успеал да ги обедини во еден целосно систематизиран философски систем учењата на св. Атанасиј Велики, кападокиските отци, Дионисиј Ареопагит и Леонтиј Византиски. Тоа е, всушност, прв обид за систематизирање на византиската философска мисла во облик, во кој таа подоцна ќе се пројави во делата на св. Јован Дамаскин.

Комбинирајќи ја созерцателната ареопагитска мистика со практичните етички проблеми на византиската аскетика, св. Максим создал специфичен вид философија.

Во магистерскиот труд се разработени основните идеи на неговиот философски концепт: односот меѓу човекот и светот, проблемот на богопознанието и обожувањето, есхатолошките перспективи и мистичниот симболизам.

Сепак, како основен лајт мотив во творештвото на св. Максим се појавува љубовта.

Според него, љубовта е слобода. Таа е во постојана потрага по соединување со Бога. Оттаму, целта на љубовта не е познавање на Бога, бидејќи таа не е средство. Познавањето на Бога е последица, знак на соединувањето со Бога, предизвикано од љубовта. Ставајќи се во нејзина служба, тој до крајот на својот живот ќе сонува за љубовта, ќе проповеда за љубовта, ќе пишува за љубовта, ќе ја живее љубовта.

Токму поради тоа, св. Максим заслужено го добил епитетот *magister caritatis*.

* Магистерскиот труд е одбранет на Философскиот факултет во Скопје, Институт по Философија, 1998 г. (Во печат под наслов *Magister caritatis*).